Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# Вовед во новата концепција за основно образование

## МОДУЛ 1

обука за одделенски наставници

## ТЕМИ:

1. Цели на основното образование
2. Инклузивно образование
3. Родова рамноправност/сензитивност
4. Интеркултурност  во образованието



ТЕМА 1.

# Цели на основното образование

- За што служи училиштето?
- Што треба да научат учениците во училиште?
- Како да се мотивираат учениците да учат?

*Основното образование има за цел:*

| | |
|---|---|
| 1. | да ги научи учениците да учат во натамошното образование и во животот воопшто |
| 2. | да придонесе во развивање општествено одговорни граѓани и личности со самодоверба |
| 3. | да ги оспособи учениците критички да размислуваат и логички да заклучуваат |
| 4. | да обезбеди квалитетно образование за сите деца, без оглед на нивните способности |
| 5. | да обезбеди квалитетно образование за сите деца, без оглед на нивната етничка припадност |
| 6. | да промовира родова рамноправност/еднаквост меѓу децата и возрасните |
| 7. | да ги оспособи идните граѓани да се интегрираат во нашето мултиетничко/мултикултурно општество |
| 8. | да ги почитува интересите и потребите на учениците |
| 9. | да обезбеди учениците да се стекнат со соодветни знаења, вештини и ставови кои ќе им го олеснат натамошното школување |

# *Кога се учениците помотивирани да учат ?*

**Кога наставникот успешно им го пренесува тоа што се очекува да го научат.**

**НЕТОЧНО**

## Процесно-развојно планирање:

- Фокусирање на процесот на стекнување на знаењата и на развивање на способноста за учење кај учениците (наместо на пренесување готови знаења).
- Планирање насочено на активностите на учениците (процесната компонента) и на оспособување на учениците за учење преку откривање на знаењата (развојната компонента).
- Ја прилагодува наставата на учениците и овозможува активно вклучување на учениците во наставата

**Кога имаат добар учебник кој ги води во процесот на учење.**

**НЕТОЧНО**

## Резултати од учењето

- Не учебникот, туку резултатите од учењето наведени во наставните програми укажуваат што треба да се научи
- Се учи за да се постигнат очекуваните резултати, а не за да се совладаат содржините од учебникот

## Наставни материјали

- Може да бидат официјални (понудени од институциите)
- ИЛИ избрани/изработени од наставниците, според потребите на нивните ученици

**Кога она што го учат го доживуваат како релевантно и корисно.**

**ТОЧНО**

## Искуствено учење

- Она што се учи се поврзува со секојдневниот живот (со она што веќе го знаат) и со она што им треба за да бидат успешни и вон училиштето

## Интегриран (мулти/интердисциплинарен) приод

- Поврзување на наставните содржини во рамки на еден предмет и од еден до друг предмет
- Во реалноста сè е поврзано – поврзувањето во наставата овозможува учениците да ја согледаат смислата на она што го учат и да го доживеат она што го учат како применливо во реалноста

## Кога во училиштето се почитуваат нивните потреби и интереси.

**ТОЧНО**

### Слободни изборни предмети/активности и вонн аставвни активности

- Учениците на кои им се овозможува да бираат што ќе учат (и што дополнително ќе прават), го доживуваат училиштето како средина во која се почитуваат нивните интереси и потреби

### Демократска партиципација преку ученички тела

- Демократски избор на учениците во ученичките тела и вистинско функционирање на телата
- Учениците формираат мислење, организирано го искажуваат и тоа се зема предвид при одлучување за сè што е од нивен интерес

**Кога јасно им се укажува што треба да запомнат од она што го учат.**

**НЕТОЧНО**

## Критичко мислење и логичко заклучување

- Поврзување и осмислување на фактите и информациите наместо помнење готови информации и факти

## Учење базирано на истражување и проекти

- Преку истражувањето и ангажирањето во проектите, се адресираат предизвици и проблеми од секојдневниот живот
- Се стекнуваат продлабочени знаења и се развиваат практични вештини

## Кога учат преку заеднички активности со други ученици.

**ТОЧНО**

**Интерактивен пристап**

- Примена на методи на учење и поучување за активно учество на учениците – преку континуирана интеракција наставник-ученици и соработка меѓу учениците
- Со посредство на аудиовизуелни средства и преку отворена дискусија со сите
- Работа во мали групи/парови (дискусија во групи, заедничко решавање задачи, заеднички практични изведби и проекти)

**Кога наставникот знае како да ги користи оценките како стимул за учење.**

**ТОЧНО**
**за формативното оценување (оценување за учење)**

**НЕТОЧНО**
**за сумативното оценување (оценување на наученото)**

Наставникот:

- Го следи учењето и напредокот на секој ученик во сите наставни ситуации
- Му дава повратни информации за постигањата
- Му помага да си постави цели за учење и му дава насоки како да ги постигне

**Кога имаат соодветни услови за учење и поддршка во домашната средина.**

**ТОЧНО**

***Но, што е со децата што го немаат тоа?***

**Пет саати престој во училиште (најмалку) за сите ученици од 1. до 5. одделение**

- За да може учениците да ги научат повеќето работи во училиште
- За да може во училиштето да учат и други работи по свој избор

# *Кои компетенции сакаме да ги имаат учениците кога ќе завршат основно образование?*

## НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

- знаења, вештини и ставови/вредности базирани на клучните компетенции за доживотно учење
- 8 подрачја (предметни и трансверзални):

I. Јазична писменост
II. Користење други јазици
III. Математика и природни науки
IV. Дигитална писменост
V. Личен и социјален развој
VI. Општество и демократска култура
VII. Техника, технологија и претприемништво
VIII. Уметничко изразување и култура

# НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

- Вградени се во наставниот план (застапени во наставните предмети и во воннаставните активности), и во наставните програми (преточени во очекуваните резултати од учењето и активностите на учениците)
- Сите подрачја од Националните стандарди се подеднакво важни и сите компетенции придонесуваат за успешно функционирање во општеството
- Компетенциите можат да се развиваат и користат во многу различни контексти и во различни комбинации поради што се преклопуваат и се поврзуваат

ТЕМА 2.

# Инклузивно образование



- Кога е образованието инклузивно?
- Како училницата да стане инклузивна?

United Nations Educational,
Scientific and Cultural Organization

# *Инклузивно образование*

**„развоен приод кој бара да се земат предвид потребите за учење на сите деца, со посебен акцент на оние што се подложни на маргинализација и исклучување“**

# Инклузивно образование

**Во потесна смисла, вклученост на:**

- деца со телесна попреченост
- деца со посебни образовни потреби поради потешкотии во гледањето и слушањето, во мислењето и учењето, во емоционалната сфера и во сферата на однесување ..., поради недоволно познавање на јазикот на наставата ...
- деца од ранливи групи – под ризик поради здравствениот статус, географската изолираност, неповолната економска или образовна состојба во семејството, предрасудите кон нив ...

# Приказната за детето со две очи

Многу далеку, во вселената, има планета иста како Земјата. Луѓето на таа планета се исти како нас во сѐ освен што наместо две очи, имаат само едно око. Но, нивното око е многу специјално. Со него можат да гледаат во темница, да гледаат многу далеку, па дури и да ги видат и ѕвездите на небото.



Еден ден, во едно семејство на таа планета, се роди чудно дете. Имаше две очи. Родителите беа многу несреќни. Детето беше толку поинакво од другите деца што им беше срам да го изнесат на шетање. Го носеа по доктори, во разни болници и најславните специјалисти на планетата испитуваа што може да се направи детето да стане како и другите: со едно убаво око на средината на челото. И никој ништо не можеше да стори. Докторите само ги креваа рамениците и велеа: „Ништо не може да се направи“.

Како мало, детето не забележуваше дека е многу различно од другите, но, како што растеше така сѐ повеќе сфаќаше. Прво му беше чудно, па потоа му стануваше сѐ понепријатно. Не само што имаше две очи, туку и не можеше да гледа ноќе и навечер мораше да носи светло. Кога одеше во училиште, не можеше да чита толку добро како другите деца, па неговиот учител мораше да му посвети посебно внимание. Не можеше да гледа на далеку и мораше да носи телескоп за да ги види истите работи што другите деца ги гледаа со голо око. Понекогаш кога си одеше дома од училиште, се чувствуваше осамено. И беше многу тажно.

Еден ден, мошне случајно, дојде до ненадејно откритие. Откри дека може да види нешто што никој друг на неговата планета не може да го види. Брзо истрча кај родителите и возбудено им раскажа за своето откритие, за тоа како ги гледа работите. Ги повика надвор и почна да им раскажува. Родителите беа вчудоневидени.

Детето раскажуваше прекрасна приказна. Во таа приказна мораше да измислува зборови што никој ги немаше слушнато порано. Тие зборови беа: црвено, жолто, портокалово... Зборуваше за зелените дрвја и виолетовите цветови. Почнаа да се собираат луѓе од сите страни. Сите сакаа да знаат како ги гледа работите што тие не можеа да ги видат. А детето раскажуваше прекрасни приказни за длабоките сини морињa и брановите со бели врвови, за волшебните смарагдни змејови и нивните црвени огнени здивови. Детето беше единственото на целата планета што можеше да ги гледа боите. Неговите приказни доаѓаа да ги слушаат луѓето од целата планета. Како што раскажуваше, така попопуларноста му се зголемуваше.

Детето стана момче и еден ден сретна девојка. Тие се вљубија. Неа не ѝ пречеше што тој има две очи. Кога им се роди ќерка, таа беше иста како другите деца на планетата. Имаше едно око.

# Што се научува од оваа приказна?

Што значи да се има попреченост?

Дали попреченоста во една сфера е попреченост во сите?

Како се однесува средината кон лицата со попреченост? Дали така треба?

## специјално образовавание

потешкотиите се во индивидуата

специјални мерки

зација

основа за вреднување на личноста

## инклузивно образование

социјални конструкции

потешкотии

инклузивни мерки

прилагоден приод во наставата

***Какво образование ќе ги научи децата со попреченост да функционираат во реалноста?***

# *Инклузивно образование*

**Во поширока смисла:**

вклученост на *сите ученици* во наставните и вонnаставните активности на училиштето



Училиштето е средина во која сите деца *можат да учат*, сите деца *сакаат да учат* и сите деца *се чувствуваат вклучени*

## Што треба да се прави во инклузивна училница?

1. Вклучување на сите ученици во дискусиите на часот (на доброволна основа)
2. Работа во парови или мали групи на заеднички задачи со учество на сите во парот/групата
3. Често менување на составот на паровите/групите
4. Спроведување активности за запознавање и утврдување на сличности и разлики во интересите и потребите на учениците
5. Организирање структурирани игровни активности за време на одморите
6. Исклучување на навредливо и агресивно обраќање од наставникот/чката кон поединци или групи ученици
7. Доследно спроведување на забрана за користење на навредлива и агресивна комуникација меѓу учениците
8. Поттикнување на интересите и потенцирање на добрите страни на секој ученик од страна на наставникот/чката
9. Вклучување на учениците во помош и поддршка на соучениците на кои им се потребни
10. Вклучување на сите ученици во активностите за промоција на паралелката
11. Обезбедување учество на сите ученици во еколошки и хуманитарни акции на училиштето

# Зошто е битна инклузивноста?

- Сите ученици се прифаќаат како единствени и различни едни од други
- Учениците научуваат дека различностите не се пречка, туку придобивка
- Секој ученик има некоја дарба, која чека да биде откриена
- Учениците научуваат да учат едни од други
- Кога учат заедно, учениците учат да живеат заедно



ТЕМА 3.

# Родова рамноправност/ сензитивност

- Колку ги препознаваме родовите стереотипи?
- Како училиштето да го направиме родово сензитивно?

# Разлика меѓу пол и род

| ПОЛ | РОД |
| --- | --- |
| ➢ Генетски/биолошки одреден (хромозоми, хормони, полови органи, секундарни сексуални карактеристики)<br>➢ Поврзан со репродук-тивната функција<br>➢ Надвор од ова, само малку разлики меѓу мажите и жените се полови | ➢ Се стекнува низ социјализацијата<br>➢ Родовите норми определуваат како треба да се однесуваат, како да изгледаат и какви особини да имаат момчињата (мажите), а какви девојчињата (жените) |

1. Мажите се во просек 12 см повисоки од жените. **ПОЛ**

2. Во просек, жените заработуваат 17% помалку од мажите. **РОД**

3. Девојчињата сакаат да си играат со кукли, а момчињата со коцки и автомобилчиња. **РОД**

4. Девојчињата влегуваат во пубертет порано од момчињата. **ПОЛ**

5. Мајките поминуваат двојно повеќе време со децата од татковците. **РОД**

6. Девојчињата преземаат помалку ризици од момчињата. **РОД**

7. На светско ниво, момчињата имаат повисок просек по математика, девојчињата во читање. **РОД**

8. За време на шклоските одмори, момчињата главно трчаат, а девојчињата главно си разговараат. **РОД**

9. Ниту едно момче не сака да игра балет на училишна претстава. **РОД**

# *Колку нашето образование промовира родова рамноправност/сензитивност?*

**Колку наставниците се сензитивни за родовите разлики?**

**Дали наставниците еднакво ги третираат момчињата и девојчињата?**

**Дали наставниците имаат стереотипи и предрасуди кон момчињата и девојчињата?**



**1=воопшто НЕ до 5=исклучително МНОГУ**

Момчињата се поуспешни во математика, а девојчињата во мајчин јазик.

**НЕТОЧНО**

резултати од PISA

За наставниците е сосема оправдано момчињата да формираат фудбалски тимови, а девојчињата – балетски групи.

**ТОЧНО**

истражување на УНИЦЕФ

Наставниците сметаат дека девојчињата се посамоуверени од момчињата.

**ТОЧНО**

истражување на УНИЦЕФ

Повеќето од момчињата на возраст од 6-10 години немаат модел на идентификација од ист пол меѓу наставниците.

**ТОЧНО**

податоци од ДЗС

Во нашите училишта, девојчињата и момчињата подеднакво често влегуваат во тепачки.

**НЕТОЧНО**
HBSCM студија

Во нашите училишта, девојчињата и момчињата подеднакво често трпат сексуално вознемирување.

**НЕТОЧНО**
објавено научно истражување

Повисок процент на девојчиња отколку момчиња на возраст од 11 години, велат дека го сакаат училиштето.

**ТОЧНО**

**HBSCM студија**

Во наставата се користат содржини што ги прикажуваат жените како помалку вредни од мажите.

**ТОЧНО**

**истражување на МТСП**

ПОЛИЦАЕЦ/ПОЛИЦАЈКА

СУДИЈА/СУДИЈКА

ГОТВАЧ/ГОТВАЧКА

НАСТАВНИК/
НАСТАВНИЧКА

БАЛЕТАН/БАЛЕРИНА

**Како знаете дека професија е во машки/женски род?**

**Како дошло до тоа во нашите глави да се формира врска меѓу одредени професии и полот?**

**За кои професии кои ги работат и жени нема женски род во македонскиот јазик?**

**Има ли обратни случаи?**

# *Родови стереотипи во училиште (1)*

**Вербалниот и визуелниот материјал (текстовите и илустрациите) во наставните материјали и на ѕидовите во училиштето многу често поддржуваат РОДОВИ СТЕРЕОТИПИ**

**Прикажаните ликови во стереотипни улоги служат како модели за идентификација – учениците се однесуваат според стереотипот**

**Родовите стереотипи водат кон ПРЕДРАСУДИ и различно постапување со учениците од различен пол**



# БАЛЕТ, ФУДБАЛ, РАКОМЕТ...

МИРА: Многу сакам да бидам балерина. Мајка му на едно мое другарче е учителка по балет. Ме виде и ми рече: – Девојче, ти си новата Жизел!

ВЛАДО: Ајде, покажи нешто!

МИРА: Еве, можам да стојам на прсти... Леле, ова болело!

САШЕ: Дедо ми е по ората. Како млад бил играорец. Но мене не ми се играат ора.

ВЛАДО: Зошто? Многу е лесно. Гледај!.. Зошто се смеете?

МИРА: Не знам, така... Јас многу сакам да пеам. Сакате ли да ви отпеам нешто?

САШЕ: Другпат. Тато сака да играм фудбал. Ме запозна со Пандев! Леле, што сѐ може да направи со топката?!

ВЛАТКО: Ако пораснам како Самарџиски, ќе играм кошарка. Ќе ме гледате на телевизија.

МИРА: Ми станува здодевно. Ајде да излеземе пред зграда!

ВЛАДО: Мајка ми ќе ни донесе торта и сокчиња... Саше, најдобро ќе биде да тренираме ракомет. Си видел ли какви голчиња дава Лазаров?

САШЕ: Вчера на една екипа ѝ даде девет... Гледаше ли на телевизија?

МИРА: Јас гледав... Каде е тортата?

ВЛАДО: Одам да видам што прави мајка ми...

САШЕ: Мајка му на Владо прави најубави торти... Што е онаа кутија...

МИРА: Шах. Знаеш ли да ги мрдаш фигурите?

САШЕ: Не... Мира, ако станеш балерина, јас ќе доаѓам да те гледам.

МИРА: Ако бидеш фудбалер, јас ќе навивам за твојата екипа.

ВЛАДО (влегува во собата): Тортата пристигна.

# Кои се стереотипите во приказната?

**Кој е стереотипот во илустрацијата?**

Машките се главни.
Со топка играат машките.

**Која е улогата на мајките? Која на татковците?**

Мајките обезбедуваат храна и пијачка и прават најдобри торти. Татковците ги поддржуваат синовите во „мажествените“ активности/занимања.

# Кои се стереотипите во приказната?

**Кои се преферирани професии за женските?**

Балерина и учителка

**Кои занимања/активности се за машките?**

Да гледаат спортови и да станат спортисти (ги посакуваат децата, со поддршка на родителите)

# Кои се стереотипите во приказната?

Плачки, се жалат, сакаат да се покажуваат пред машките (со пеење и танцување)

**Кои особини им се припишуваат на женските? Кои на машките?**

работите им се лесни за правење

# КИНИСАЛА МОМА ЖЕЛКА

Кинисала мома желка
да ми оди на орање

да ми оди на орање
да ми носи сладок ручек,



сладок ручек топеница,
топеница, маштеница.

Ја пресретна еже момче
тој ја бутна, ја подбутна

ѝ истури сладок ручек
сладок ручек топеница.



Се налути желка мома
ми отиде кај судија.

Ој судијо, ти кадија
криво седи, право суди.

Јас си одев на орање
и си носев сладок ручек

ме пресретна еже момче
тој ме бутна, подбутна

ми истури сладок ручек
топеница, маштеница.

Што ѝ вели судијата
што ѝ вели кадијата:

Тој е момче, се задева
ти си мома, седи дома.

Македонска народна песна

# КИНИСАЛА МОМА ЖЕЛКА

Кинисала мома желка
да ми оди на орање

да ми оди на орање
да ми носи сладок ручек,



сладок ручек топеница
топеница, ма

Ја пресретна
тој ја бутна, ја

ѝ истури сладок ручек
сладок ручек топеница.



Се налути желка мома
ми отиде кај судија.

Ој судијо, ти кадија
криво седи, право суди.

Јас си одев на орање
и си носев сладок ручек

ме пресрет... еже момче

к

Што ѝ вели судијата
што ѝ вели кадијата:

Тој е момче, се задева
ти си мома, седи дома.

## ПРОБЛЕМ

**Се зацврснуваат родовите стереотипи и се оправдува родово базирано насилство**

Македонска народна песна


КИНИСАЛА МОМА ЖЕЛКА

Кинисала мома желка
да ми оди на орање

да ми оди на орање,
да ми носи сладок ручек,

сладок ручек топеница,
топеница, маштеница.

Ја пресретна еже момче,
тој ја бутна, ја побутна,

Ој судија, ти кадија,
криво седи, право суди:

Јас си одев на орање
и си носев сладок ручек,

ме пресрете еже момче
тој ме бутна, ме побутна,

ми истури сладок ручек
топеница, маштеница.

***Како да се постапи со вакви текстови?***

Многу класични текстови и фолклорни творби не смеат да се отстранат од програмата бидејќи се културно богатство, ама секогаш со учениците **МОРА да се дискутираат родовите стереотипи**, особено ако имаат негативна конотација.

***На учениците им се објаснува:*** **Во времето кога настанале, крутата родова поделба веројатно имала смисла и била донекаде оправдана, но околностите не смеат да се користат за да се оправда насилството.**

# Родови стереотипи во училиште (2)

Средината ги поставува родовите норми и очекува момчињата и девојчињата да се однесуваат според „доделените“ родови улоги, а отстапувањето од нормата го „казнува“

Момчињата и девојчињата стекнуваат помалку или повеќе изразени особини и манифестираат однесување типично за родот

Разликите изгледаат како да се природни, а родовите стереотипи не се проблематизираат

# ОГЛЕДАЛА







Одраз на она
што мнозинството
момчиња и девојчиња
го прават или мислат
дека можат/треба
да го прават

# ПРОЗОРЦИ

Поглед кон иднината за тоа што можат и момчињата и девојчињата да прават за да го искористат максимумот на своите потенцијали

Наставата фокусирана на најдобриот интерес на децата е главно ориентирана кон прозорци







# *Кога е училиштето родово сензитивно?*

**Кога на момчињата и девојчињата им обезбедува еднакви можности за реализација на сопствените потенцијали.**

**КАКО?**

Безбедна и инклузивна средина

Соодветни наставни материјали (или без родови стереотипи, или со критички осврт на стереотипите)

Позитивни модели за идентификација преку „прозорци“

Еднаков третман на момчињата и девојчињата во наставните и воннаставните активности

# *Кои се придобивките за учениците кои учат во родово сензитивно училиште?*

**МОМЧИЊАТА**

- ќе добијат можност за идентификација со поширок спектар позитивни модели на машкост (наместо да ја изедначуваат само со агресивност и неемоционалност)

**ДЕВОЈЧИЊАТА**

- ќе се чувствуваат побезбедно и
- ќе добијат можност за идентификација со поширок спектар позитивни модели на женскост (наместо да ја изедначуваат само со послушност, физички изглед или мајчинство)

ТЕМА 4.

# Интеркултурност во образованието

- Што значи почитување на *другите*?
- Како се стекнуваат интер-културни компетенции во училиште?



РАБОТЕН ЛИСТ:
Културен квиз

| | |
|---|---|
| 1. | Што значи *шукар диве*? |
| 2. | Како се вика месецот на пост кај муслиманите? |
| 3. | Како се вика градот Битола на турски? |
| 4. | Како се вика ликот од македонските народни приказни што постојано ги надмудрува другите? |
| 5. | Наведете барем два инструмента што се користат во традиционалната ромска музика! |
| 6. | Како се поздравуваат меѓу себе православните верници за Велигден? |
| 7. | Наведете барем една буква што ја има во албан-ската азбука, а ја нема во македонската и турската! |

| | |
|---|---|
| 8. | Дали муслиманите смеат да пијат вода во текот на денот, додека постат? |
| 9. | *Нема, нема, не ќе се роди...*, Довршете го наведениот стих од познатата македонска песна! |
| 10. | Како се вика традиционалната облека што ја носат жените Ромки? |
| 11. | Во кои етнички заедници во нашата земја се подготвува баклава за свечености? |
| 12. | Каква храна не смеат да јадат православните верници додека постат? |
| 13. | Кој бил Наим Фрашери? |
| 14. | Што значи *merhaba*? |

# *Што е култура?*

**Систем од меѓузависни компоненти**

**кои ги споделува одредена група луѓе**



# Зошто е битно да се познава културата на „другите“ етнички заедници  во РСМ?

**Познавањето на „другите“ го намалува вообичаениот страв од непознатото и придонесува за:**

- **надминување на стереотипите и предрасудите кон „другите“**
- **прифаќање и почитување на „другите“**

1. Дали НАСТАВНИЦИТЕ имаат интеркултурни компетенции?

2. Дали УЧЕНИЦИТЕ имаат интеркултурни компетенции?























































**Кои ситуации/објекти придонесуваат за разбирање на мултиетничкиот контекст на нашата држава?**



***Користење на „картичката“ за подобрување на интер-културните компетенции на учениците***

- *Во повеќејазични училишта:* „мешани тимови“
- *Во еднојазични училишта:*
  1. „мешани тимови“ со ученици од исто училиште, од различна етничка припадност
  2. заеднички тимови на партнерски училишта со различен наставен јазик (чести средби на заедничките тимови и развиена доверба)
  3. Разговори за етничкиот состав на фудбалската репрезентација

## *Користење на „картичката“ за подобрување на интер-културните компетенции на учениците*



- Османлиско царство наместо турско ропство
- Споделена историја
  - различни перспективи (турска, албанска, македонска ...)
  - влијание врз храната, музиката, јазикот, семејните вредности ...



























| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Aa | Bb | Cc | Çç | Dd | Ee |
| Ff | Gg | Ğğ | Hh | Iı | İi |
| Jj | Kk | Ll | Mm | Nn | Oo |
| Öö | Pp | Rr | Ss | Şş | Tt |
| Uu | Üü | Vv | Yy | Zz | |

# Кои други „картички“ може да се користат за подобрување на интеркултурните компетенции на учениците? Како?

# Традиционално празнување:
# од перспектива на децата



**круг на разлики** **круг на сличности**






## ***Што е поважно за интеркултурното образование: сличностите или разликите?***

СЛИЧНОСТИТЕ треба да се нагласуваат

РАЗЛИКИТЕ треба да се почитуваат

# ЕТНОЦЕНТРИЗМОТ како спротивност на ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ

**ЕТНОЦЕНТРИЗАМ = тенденција да се гледа на светот од перспектива на сопствената етничка/културна група**

- јазикот, обичаите, религијата, историјата, однесувањето на припадниците на друга култура се вреднува споредено со сопствената
- сопствената група се доживува како најважна/најдобра и некои (или сите) нејзини аспекти се сметаат за супериорни во однос на другите
- етничките разлики се користат за да се дефинира етничкиот идентитет

# *Да резимираме:*

## *Како се градат интеркултурни компетенции во училиштe?*

Ако секој ученик учи за сопствената култура.

☑ ИЛИ, ако сите ученици учат за културата на сите етнички заедници во државата.

# Да резимираме:

## Како се градат интеркултурни компетенции во училиште?

Ако учениците учат дека вредностите на нивната култура се најдобри.

ИЛИ, ако учат дека заедничките вредности на различните култури се поважни. ☑

# Да резимираме:

## Како се градат интеркултурни компетенции во училиште?

Ако опкружувањето во училиштето ја одразува културата само на учениците што учат во него.

☑ ИЛИ, ако ја одразува мулти-културната природа на државата.

# Да резимираме:

## *Како се градат интеркултурни компетенции во училиште?*

Ако за културата на другите се учи само од книгите.

☑ ИЛИ, ако се учи и преку интеракција со припадници на другите култури.

# *Наместо заклучок:*

Наставникот како модел за идентификација на децата



FALEMINDERIT

HVALA

HARISTO

teşekkürler

БЛАГОДАРАМ

faleminderit

HVALA

nais

благодарам

hvala

хвала

haristo

teşekkürler

nais

faleminderit

ХВАЛА

teşekkürler

haristo

NAIS

БЛАГОДАРАМ